Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел дневните настани 03.10.2021

На 02.10.2021 во 16,30 часот на подрачје на Гази Баба од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода Д.Т.(24) од с. Марино, скопско поради постоење основано сомнение дека сторил кривични дела „тешка кражба" и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" казниви по чл.236 и чл.383, а при претрес во неговиот дом бил пронајден амфетамин и табакера со остатоци од прашкаста материја.По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.10.2021 во 01.05 часот на подрачје на Ѓорче Петров од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода М.К.(25) од Скопје затоа што кај него била пронајдена дрога. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.10.2021 во 20.45 часот во СВР Скопје Г.К.(47) од Скопје привремено е лишен од слобода Ѓ.Ѓ.поради тешка телесна повреда.

На 02.10.2021 во 22.20 часот на ул.100 во с.Волковоо,скопско се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „сузуки" со скопски регистарски ознаки управувано од Ј.Ј.(62) од Скопје и автобус „еробус" со скопски регстарски ознаки управуван од М.Т.(62) од с.Стајковци,скопско. М.Т. бил пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје.

На 03.10.2021 во 00,10 часот на граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници е лишен од слобода К.Х.(37) од Р.Албанија затоа што при извршени гранични проверки во службената евиденција било констатирано дека истиот евидира со мерка „апси" од Интерпол-Германија. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

Во текот на изминатото деноноќие (02.10/03.10.2021) на територијата на Republika Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 58 прекршоци.

На 02/03.10.2021 во периодот од 22.00 до 04.00 часот полициски службеници од СВР Штип спроведоа засилена акциска контрола на подрачјето на СВР Штип за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, кај 20 возачи било утврдено дека управуваат моторни возила под дејство на алкохол и биле исклучени од сообраќај, времено одземени им се возачките дозволи и издадени им се прекршочни платни налози.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (02.10.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 202 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 65, 24 за возење под дејство на алкохол, 11 за возење без возачка дозвола. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, 15 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, 52 за непрописно паркирање.

На 02/03.10.2021 во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Republika Северна Македонија, при што санкционирани се 141 возач. Од нив, 30 на територијата на СВР Битола, 20 на територијата на СВР Штип...

На 03.10.2021 во 03,00 часот кај с.Ботун на магистралниот пат Охрид-Кичево патничко моторно возило „киа соренто" со охридски регистарски ознаки управувано од 17 годишен малолетник од с.Лешани, општина Дебарца излетало од патот. Возачот малолетник се здобил со тешки телесни повреди и е пренесен во болница „Св.Еразмо" за укажување на лекарска помош, а неговиот 17 годишен сопатник од с.Мешеишта,општина Дебарца од здобијените повреди починал на лице место. Увид на лице место извршила увидна екипа од СВР Охрид.

Вчеравечер 2/3 октомври од 23 до 3 часот, полициски службеници на СВР Тетово во соработка со Државниот пазарен инспекторат спроведоа акциска контрола во угостителски објект, сопственост на Ѕ.Б.(47) од гостиварски Добридол, а лоциран покрај автопатот Гостивар-Тетово. При контролата било утврдено дека во објектот не се почитуваше протоколите за работа и мерките за справување со "ковид-19", поради што сопственикот на објектот е лишен од слобода и ќе му биде изготвен соодветен поднесок по член 206 од Кривичниот законик за "непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Тој, исто така, се однесувал и агресивно кон полициските службеници и ги навредувал и омаловажувал, за што исто така ќе биде поднесен соодветен поднесок.
При контролата во објектот биле затекнати и пет странски државјанки(танчерки), од кои три од Република Албанија и две од Република Косово, на различна возраст од 26 до 45 години, кои го злоупотребуваа туристичкиот престој, односно престојувале спротивно на целта.Тие биле приведени во Полициската станица Гостивар за натамошна постапка. Објектот е затворен од страна на Државен пазарен инспекторат.

На 02.10.2021 во 14.00 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово се лишени од слобода А.З.(44) и А.Е.(45) двајцата од Тетово затоа што кај нив били пронајдени хероин. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02/03.10.2021 од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Тетово е спроведена акциска контрола за откривање на возачи кои управуваат моторно возило под дејство на алкохол при што се откриени 16 возачи (Те-13,Гв-3) како и 36 други прекршоци. Против сите прекршители ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Л.Д.(30) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Пријавениот, во текот на јуни 2021 година, на ул.„8 Септември" во Дебар, како инвеститор узурпирал земјиште во државна сопственост со извршени од околу 48 метри квадратни и на истата локација без одобрение за градба започнал градба на објект, при што се стекнал со противправна имотна корист.

На 03.10.2021 на подрачје на Гази Баба од полициски службеници од СВР Скопје е приведен А.Д.(70) од Скопје а по претходна пријава во 01,10 часот дека при вршење на службени дејствија истиот не застанал на дадени знаци, а потоа упатил закани и навреди кон полициски службеник. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.10.2021 околу 10,30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Аџваотвци додека Г.С.(73) од Скопје извршувал градежни работи на кров од куќа во с.Аџваотвци сопственост на М.С.(72) паднал од кровот, при што починал на лице место. Од итна медицинска помош е констатирана смрт. Увид на лице место е извршен од екипа од СВР Скопје и известен е трудов инспектор.

СВР Куманово, СВР Охрид и СВР Тетово поднесоа кривични пријави против фирма од Гостивар во сопственост на Н.Б.(55) од с.Беловиште, гостиварско, поради тоа што не се придржувале на протоколот за превоз на патници, односно автобусите им биле исполнети повеќе од 75% колку што било дозволено во тој период, како и против Н.И.(76) од с.Виштица – Липково, Љ.Ј.(47) од с.Черкези, кумановско, Ф.С.(35), Б.С.(29), Б.Ќ.(22), О.Ц.(47), Д.А.(23), сите пет од Куманово, Ш.А.(32) од с.Отиа - Липково, З.Н.(35) од Охрид и А.Ј.(35) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемијата". Тие биле затекнати надвор од домот без дозвола за движење за време на забрана на движење.

На 03.10.2021 во 00,13 часот во СВР Скопје Г.Б.(40) од Скопје привремено е лишен од слобода Ѓ.С.(73) од Скопје извршувал градежни работи на кров од куќа во негова сопственост на Чанр непознат сторител фрлил експлозивна направа која предизвикала оштетување на ограда, врата, прозорци и фасада на куќата. Нема повредени лица. Известен е јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во 20.50 часот во трговски центар на подрачје на Центар од полициски службеници од СВР Скопје е приведена В.Т.(55) од Скопје а во врска со пријава дека во продавница од трговскиот центар В.Т. го нарушила јавниот ред и мир и агресивно се однесувала кон полициски службеник. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.10.2021 во 17,30 час во Полициско одделение Зајас, Л.Ц.(52) од с.Зајас пријавил дека во с.Колари во двор на куќа сопственост на А.З.(67) од с.Колари го забележал истиот паднат, без знаци на живот. Од полициски службеници е излезено на лице место и констатирано е дека А.З. околу 16,00 часот влегол во подземен резервоар за вода во неговиот двор, но поради недостаток на кислород дошло до задушување. Од екипа од медицински центар Кичево констатирана е смрт без траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 02.10.2021 околу 17.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека во Стар Дојран во апартман да лиа починал Д.Ѓ.(25) од Скопје која во изнајмениот апартман пристигнала околу 12.00 часот заедно со С.Т.(25) од Скопје. Од итна медицинска помош Гевгелија потврдена е смртта без знаци на насилство. Увид на лице место извршила увидна екипа на Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гевгелија, а по наредба на јавен обвинител телото на починатата е предадено на обдукција.

На 02.10.2021 во 19,50 часот во СВР Охрид од медицински центар Охрид пријавено било дека кај нив била донесена Н.Ј.(83) од Охрид со повреди. Таа, според пријавеното, со повредите се здобила така што паднала во нејзиниот двор околу 18,30 часот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во 18.30 часот во СВР Скопје З.Ц.(55) од Скопје пријавил дека на 29.09.2021 во 23.50 часот пред угостителски објект на подрачје на Чаир неговата керка по претходна расправија била физички нападната од женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.30 часот во СВР Скопје Б.З.(37) од Скопје пријавила дека на 01.10.2021 околу 22.30 часот во населба Хиподром на нејзиниот малолетен син поради претходно нетрпение му биле упатени закани со остар предмет од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во 02,30 часот во СВР Скопје Б.С.(21) од с.Петровец,скопско пријавил дека од дома се одалвечила неговата сестра Б.С.(15). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.10.2021 во 21.30 часот во СВР Скопје Б.Ш.(45) од Скопје пријавил дека околу 17.10 часот на подрачје на Шуто Оризари по претходно недоразбирање била физички нападната од М.М.(38) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок од ЗПППРМ.

На 02.10.2021 во 00.45 часот во Кичево од полициски службеници е приведен С.С.(20) од с.Другово по претходна пријава на 01.10.2021 во 23.45 час од М.М.(38) од Кичево дека околу 23,30 часот во близина на угостителски објект во Кичево неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.С.. Сочинет е записник за констатиран прекршок од ЗПППРМ.

На 02.10.2021 во 23.20 часот во угостителски објект во Охрид од полициски службеници од СВР Охрид е приведен Д.М.(35) од Охрид затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.10.2021 околу 12.10 часот до автобуска станица во Валандово автобус со валандовски регистарски ознаки, управуван од Ѓ.Г.(59) од с.Јосифово, удрил во У.Ч.(49) од с.Јосифово. У.Ч. се здобила со тешки телесни повреди и констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на лице место извршила увидна екипа од СВР Струмица.

На 03.10.2021 околу 00.45 часот во СВР Велес Д.Т.(26) од с.Каратманово приајвил дека во угостителски објект во Велес по претходна расправија тој и Р.Р.(31) од Кавадарци, К.Р.(29) од Кавадарци и М.Т.(39) од с.Каратманово биле физички нападнати со тврди предмети од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во 13,30 часот во с.Балиндол,гостиварско од полициски службеници од слобода е лишен А.В.(79) од Гостивар по претходна пријава околу 12,00 часот од Ѓ.В.(42) од Гостивар дека по претходна расправија била физички нападната со тврд предмет од пријавениот. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.10.2021 во 15,05 часот на ул.Беличица во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу моторникот „кимко" со гостиварски регистарски ознаки управуван од И.И.(38) од Гостивар и патничко моторно возило „поло" со гостиварски регистарски ознаки управувано од Б.Н.(38) од Гостивар. И.И. е пофрлен во ургенетен центар Гостивар каде му се констатирани тешки телесни повреди.Увид на лице место извршила увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 03.10.2021 во 08.00 часот во СВР Тетово Н.К.(18) од с.Непроштено пријавил дека во Тетово бил физички нападнат од четворица малолетници и уште едно лице сите од Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.10.2021 на подрачје на Карпош од полициски службеници од Единица за интервента полиција,СВР Скопје се лишени од слобода А.Е.(21) и А.О.(24), двајцата од Скопје, кои биле со патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, а кај кои се пронајдени остар предмет и куршум. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во 20,05 часот во СВР Охрид од Медицински центар Охрид е пријавено дека кај нив бил донесен повреден М.Т.(72) од Охрид, кој бил пронајден кај кружен тек во Охрид, по што е задржан за понатамошно лекување. Увид на лице место е извршен од екипа од СВР Охрид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во СВР Скопје Т.Ј.(36) од Скопје пријавил дека околу 17.40 часот во с.Градманци,скопско на место викано „Трипетлика" тој и Б.Ј.(34) од Скопје по претходно недоразбирање биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во 13.00 часот во Полициска станица Крива Паланка Г.С.(43) од Крива Паланка пријавил дека неговата сопруга С.С.(30) од Крива Паланка се одалечила од нивниот дом. С.С. имала здравствени проблеми и претходно неколку пати се одалечувала. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Republika Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Republika Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет